ИЗВЕШТАЈ

од самоевалуација на ООУ “Григор Прличев” за период 2023-2025 година

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ ___ година) Општинското основно училиште “Григор Прличев” изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2023-2025 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 01.10.2025 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

- Елена Трипуновска Максимовска – стручен соработник – педагог
- Сузана Танева – одделенски наставник
- Татјана Силјановска Гочкова – предметен наставник
- Фросина Димитровска –предметен наставник
- Виолета Јакимовска Поповска – родител

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот октомври-јануари 2025/26 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | Фросина Димтровска<br>Ива Количев<br>Ангела Михајловска<br>Тоше Столески<br>Лили Подолешова<br>Пандорка Јовчевска<br>Елена Трипуновска Максимовска<br>Христина Јанева<br>Мартина Христова<br>Тереза Блажевска |
| 2. Постигања на учениците | Татјана Силјаноска Гочкова<br>Валентина Славковска<br>Јулија Никовска Пешевска<br>Христијан Христовски<br>Сребра Иљовска |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | Благица Секуловска<br>Николета Нестое<br>Марија Живковска<br>Лорета Станковиќ |

| | |
|---|---|
| | Дарко Ангелов<br>Елена Тасевска<br>Ленка Пешевска<br>Хилда Стефковска<br>Марија Костовска |
| 4. Управување и раководење | Сузана Танева<br>Славица Мојсовски<br>Елена Владева Апостолов<br>Љубинка Коцевска<br>Катерина Натева Теовска |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 03.02.2026 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
| --- |
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури и инструменти за поддршка, следење и проверка на планирањето на наставата од страна на директорот, стручната служба и/или лица назначени од стручните органи. Наставниот кадар и стручните соработници посетуваат обуки и обучениот кадар врши дисеминација на останатите вработени. При изготвување и споделување на програмите постои соработка помеѓу наставниците.<br>Училиштето целосно ги реализира наставните планови и програми одобрени од МОН и БРО. Наставниците ги изработуваат сите годишни, тематско-процесни и дневни подготовки за предметите од задолжителна настава, изборните предмети, час на ученичка заедница, како и дополнителна и додатна настава и слободни ученички активности. Во реализацијата на наставата наставниците се придржуваат кон насоките добиени од БРО. Родителите и учениците на почетокот на учебната година се запознаваат со наставните планови и програми преку веб страната на БРО и училиштето, од е-дневникот и родителските средби. Во случаи на отсуства на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) наставта се одвива непречено со соодветен наставен кадар според пропишана и усвоена процедура. Училиштето дава можност преку анкетирање учениците да се определуваат за изборните предмети кои ќе ги изучуваат следната учебна година, согласно нивните потреби и интереси. Преку планираните содржини и активности по предмети, целосно го поттикнуваат развивањето на емоционалниот, личниот и социјалниот развој на учениците од различна родова и етничка припадност со ставање акцент на јакнење на самодовербата, секојдневна соработка, меѓусебно договарање, разрешување на конфликтите на најсоодветен начин.<br>Училиштето применува однапред дефинирана политика за оценување, вклучувајќи и кодекс за оценување и ги почитува критериумите за оценување, усогласени со националните стандарди за постигања. Планирањето на оценувањето е вклучено во Годишната програма за работа на училиштето, годишно-тематските планирања на наставниците и дневните планирања. Наставниците редовно ги запознаваат учениците со критериумите за оценување и им даваат насоки за поуспешно совладување на материјалот како и причините за таквата оценка. |

Коефициентот на континуитет на успехот последните три учебни години е над 0.9 и тоа укажува на многу висок континуитет и стабилен успех на учениците. Наставниците резултати од оценувањето ги користат како патоказ за покреативно планирање на наставата и идентификување на идните активности што ќе се применуваат во учењето и поучувањето. Наставниците како и стручната служба на крајот на секое тримесечие изработуваат аналитика и статистичка листа за постигнатите резултати која подоцна служи за споредување на резултатите од претходните генерации.

Училиштето обезбедува високо ниво на образовна инклузија преку ефикасна системска поддршка, формирани инклузивни тимови и настава целосно прилагодена според ИОП и модифицирани програми. Процесот е поддржан од одлична инфраструктура (лифт, рампи) и успешна соработка со образовните асистенти, што резултира со 100% задоволство кај наставниот кадар. Учениците со ПОП се целосно вклучени во воннаставните активности и професионалната ориентација, додека нивното оценување се врши индивидуално и транспарентно, фокусирирајќи се на нивниот личен напредок и способности.

Училиштето има тим за училишна интеграција која спроведува МИО активности со партнер училиштето ООУ,,Кирил и Методиј" .Во активностите се вклучуваат ученици од одделенска и предметна настава и на годишно ниво се реализираат 4-5 заеднички активности( спортски, ликовно творење, литературни творби, изработка на сензорни помагала.....). Наставниците и во рамките на редовната наставата реализирааат мио активности.

Училиштето организира училишни натпревари за селекција на учениците за натпревари на повисоко ниво. Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците , учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно или на меѓународно ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер, на кои имаат освоено значителен број награди (пофалници,дипломи, признанија).

**Силни страни**

- Јасни процедури и инструменти за следење на планирањата и наставата
- Јасна, разбирлива и отворена комуникација меѓу наставниците и учениците.
- Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна и мотивирачка средина.
- Училиштето обезбедува високо ниво на образовна инклузија преку детектирање на учениците со различни образовни потреби. Целосна пристапност на објектот (лифт, рампи, тоалет), функционални инклузивни тимови што резултира со 100% задоволство кај наставниците од соработката со асистентите и поддршката за учениците со посебни потреби.
- Активно партнерство со училиште од друг наставен јазик со реализација на 4-5 активности годишно
- Јасна политика на оценување со усогласени критериуми за кои се информирани учениците
- Многу висок континуитет и стабилен успех на учениците.

**Слаби страни**

- Недоволен избор меѓу различни задачи и начини на работа.
- Наставата не е доволно интересна и поттикнувачка за учениците

**Приоритети**

-Учениците да имаат можност за поголем избор на различни задачи и начини на работа со цел наставата да им биде поинтересна и поттикнувачка

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето ги следи постигањата на учениците од различен пол според наставни предмети и според квалификациски периоди. Учеството на учениците во воннаставните активности редовно се следи и евидентира.Училиштето има изготвено акцискиот план со предложени активности кои би се реализирале доколку се утврди потреба, но спроведените анализи покажуваат континуиран висок успех на ниво на училиштето поради што не е утврдена потреба од изготвување на дополнителен акциски план.

Резултатите добиени на државното тестирање, студиите/извештаите за меѓународни оценувања се анализираат и наставата соодветно се подобрува.

Училиштето има развиена ефективна практика, заснована на пропишаните училишни процедури за навремено препознавање, следење, грижа и поддршка на ученици кои покажуваат тешкотии во учењето, ученици со посебни образовни потреби (ПОП), како и ученици со изразени способности и таленти, со цел да се обезбеди оптимален напредок за секој ученик.

Информирањето на родителите се базира на утврден систем за информирање на родителите за напредокот и постигањата на учениците и претставува клучен сегмент во ефективната наставна практика, која резултира со оптимален напредок за секој ученик, добра соработка и усогласеност меѓу учениците, наставниците и родителите.

Електронскиот дневник уредно се води, на ниво на училиште има комисии за следење на пополнувањето на електронскиот дневник.

Училиштето систематски ја следи редовноста во наставата на учениците. Одделенските и раководителите на паралелката даваат извештај за редовноста на учениците, при што се врши анализа на причината за отсуството. Направена е анализа на редовноста по паралелки, пол, етничка припадност и компаративни анализи на изостаноците за последните две учебни години (2023/24 и 2024/25година). Просекот на неоправдани изостаноци е помал од 5 по ученик и не е забележано драстично отстапување во бројот на неоправдани изостаноци.

Училиштето ги реализира советувањата на родителите/старателите и учениците, за што води уредна документација, ги известува надлежните институции доколку има потреба, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците.

Училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето, додатна како и диференцирана настава. Училиштето, на месечно ниво, изработува распоред за додатна и дополнителна настава и го истакнува на видно место во училиштето и се објавува на веб-страницата на училиштето.

**Силни страни**

- Развиена методологија за идентификација на учениците со потешкотии во учењето и посебни образовни потреби од уписот на учениците во прво одделение
- Систематски се следи, споредува и анализира состојбата на успехот и постигањата на учениците
- Развиен систем за следење на редовноста на учениците и навремена интервенција
- Има утврден систем за известување на родителите за напредокот и постигањата на нивните деца и тој доследно се применува

**Слаби страни**

- Дел од учениците не ја користат во доволна мера дополнителната и додатната настава.
- Некои родители немаат активно учество во дополнителни активности за поддршка на учениците.

**Приоритети**

- Зголемување на мотивацијата на учениците за активно учество во дополнителна и додатна настава.
- Зголемување на учеството на родителите во дополнителни активности

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето е препознатливо во локалната средина како училиште кое промовира високи постигања, редовност, дисциплина на учениците и соработка со локалната заедница. Училиштето редовно спроведува воннаставни активности и се афирмира преку современи дигитални медиуми (интернет-страница, социјални мрежи (фејсбук страна на училиштето, натписи во интернет медиуми).

Училиштето има кодекси на однесувањесо кои се запознаеени сите засегнати за животот во училиштето (наставници, ученици, Совет на родители, Училишен одбор). Училиштето има пишани процедури за постапување во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување. Меѓу сите учесници во училишниот живот постои заемно почитување и вклученост во активностите во училиштето. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот, наставниот кадар и останатите вработени придонесуваат за одржување позитивна атмосфера во училиштето. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат едни за други и за училиштето. Најголем дел од ученици се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Училиштето има куќен ред, кој го почитуваат учениците и вработените. Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности. Вработените постојано се грижат за однесувањето на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето, согласно проширената програма на училиштето. Училиштето доследно го применува правилникот за наградување, пофалување и изрекување педагошки мерки

Во училиштето се почитуваат правата на децата, а наставниците организираат соодветни наставни и воннаставни активности преку кои учениците и родителите се запознаени со детските права и обврски. Училиштето не само што ги поддржува детските права, туку и применува конкретни мерки за обезбедување на праведност и инклузивност во образованието, креирајќи толерантна и прифатлива училишна средина за сите свои ученици. Учениците учествуваат во ученичкиот парламент и се вклучени во процесот на донесување одлуки и решавање на проблеми. Претставниците на ученичкиот парламент се избираат демократски од страна на учениците и имаат задача да ги застапуваат интересите на сите ученици. Учениците членови на Ученичкиот парламент се поканувуваат и присуствуваат на состаноци на Училишен одбор и Наставнички совет.

Во училиштето е воспоставена континуирана и функционална соработка со родителите, кои претставуваат значаен сегмент во животот и работата на училиштето. Родителите активно се вклучени преку Советот на родители и Училишниот одбор и учествуваат во донесување одлуки и реализација на активности од значење за воспитно-образовниот процес. Добрата соработка дополнително се унапредува преку проектот „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“, кој придонесува за

зајакнување на релацијата родител–ученик–наставник.
Училиштето е активно вклучено во животот на локалната заедница и општината преку реализација на заеднички проекти, активности и учество на настани од заеднички интерес.

Во училиштето има има протокол во кој се дефинирани сите облици на насилство и начините на постапување, којшто е достапен за сите (наставниците, учениците и родителите). ). Во училиштето се спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање на конфликти, пришто наставниците и стручната служба работи со сите ученици кои се учесници во врсничко насилство и училиштето уредно води евиденција за појавените форми на насилство. Со преземените активности, насилството од прво и второ ниво во училиштето се намалува, а нема да има евидентирано насилство од трето ниво.

Од страна на наставниците и стручната служба во училиштето се реализираат голем број активности за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства. Во училиштето на видни места се поставуваат знаци забрана од пушење, внесување и консумирање алкохол, дистрибуција и консумирање наркотични супстанции.
Училиштето се грижи за квалитетот на храната што им е понудена на учениците во училиштето. Во училиштето се води кампања за здрава исхрана.

Во училиштето тоалетите се чисти и дезинфицирани во секое време од денот и ги задоволуваат законските прописи. Училиштето еднаш годишно врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Воспитно делува учениците да ја одржуваат личната хигиена. Ходниците и скалите се чистат најмалку трипати во денот, подот и мебелот во училниците се чистат најмалку пред почетокот на секоја смена, останатиот училиштен простор барем еднаш во текот на денот, а прозорците, вратите и другиот инвентар најмалку по двапати во секое полугодие. Дворот на училиштето е чист и хортикултурно уреден. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци. Училиштето има програма за превенција од заразни болести. Сите вработени и ученици редовно вршат систематски прегледи. Во училиштето има лица кои имаат сертификати за давање на прва помош.

Во училиштето има ангажирано лице за обезбедување на училиштето, учениците и вработените за време на престојот во учлиштето. Во училиштето има ПП апарати кои редовно се сервисираат. Во училишната зграда постои план за евакуација кој е поставен на видно и пристапно место, формиран е тим за кризни интервенции, еднаш годишно се спроведуваат симулации и вежби за постапување во услови на елементарни непогоди и други кризни ситуации.
Во училиштето постојат податоци за социјалната состојба на учениците и нивните семејства. Училиштето има изготвено Процедура за обезбедување на материјални средства за учениците чии семејства се социјално загрозени. Училиштето организира хуманитарни акции. Училиштето соработува со Центарот за социјални работи, општинската организација Црвен крст.

Училиштето обезбедува висока грижа за здравствената состојба на учениците.. Се применуваат специфични мерки за поддршка при долготрајно отсуство, вклучувајќи учење од дома и планска реинтеграција по враќањето во училиште.
Стручната служба во училиштето има механизми за препознавање на социо-емоционалните тешкотии кај учениците. Стручните соработници се обучени да им помогнат на учениците со емоционални тешкотии и на нивните родители/старатели или да ги упатат до релевантните институции (советувалишта, здравствени установи, центар за социјална работа, граѓански здруженија итн). Во училиштето се спроведуваат активности за социо-емоционално учење (работилници за ментално здравје).

Училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за продолжување на образованието преку различни активности.

Училиштето редовно ги информира родителите и учениците за помошта што можат да ја добијат, преку пишани и усни соопштенија и дава помош на учениците и нивните родители/старатели во избор на средното училиште.

**Силни страни**

- Училиштето е препознатливо во локалната средина како училиште кое промовира високи постигања и постигањата на учениците редовно се промовираат.
- Постојат пишани процедури (Кодекси за однесување на родители, вработени и ученици, Куќен ред, Кодекс за ненасилство и сл.) и истите се почитуваат.
- Во училиштето се применуваат јасни правила на однесување и училиштето соодветно се справува со дисциплината преку почитување на правилниците за изрекување на педагошки мерки.
- Учениците, преку Ученичкиот парламент учествуваат во решавањето на проблемите, донесувањето заклучоци и предлагањето на иницијативи.
- Меѓу сите учесници во училишниот живот постои заемно почитување и вклученост во активностите во училиштето.
- Училиштето промовира еднаков и правичен третман кон сите ученици.
- Учениците знаат да препознаат нееднаков третман и каде да се обратат.
- Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата.
- Развиена и континуирана соработка со родителите преку Советот на родители и Училишниот одбор, кои активно учествуваат во животот и работата на училиштето.
- Отвореност на училиштето кон родителите, со почитување на нивните мислења, ставови и сугестии
- Активно вклучување на родителите во воспитно-образовниот процес преку предавања, работилници, презентации, отворени часови, посети и воннаставни активности.
- Навремена и транспарентна информираност на родителите преку пишани и електронски форми за сите аспекти од работата на училиштето.
- Активна вклученост на училиштето во животот на локалната заедница преку заеднички проекти, активности и учество на настани од заеднички интерес.
- Училиштето има пишани протоколи и процедури во кои се дефинирани сите облици на насилство
- Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето,
- Во училиштето се реализираат голем број активности за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства.
- Во училиштето се води кампања за здрава исхрана.
- Училиштето поседува податоци за социјалниот статус на семејствата на учениците.
- Училиштето има пишани процедури за обезбедување на материјални средства за социјално загрозени семејства и редовно спроведува хуманитарни акции.
- Училиштето има тим за интервенција со кризи, еднаш годишно се спроведуваат вежби за симулација на кризи.
- Училиштето има воспоставено одлична соработка со здравствените институции
- Во училиштето редовно се спроведуваат активности за социо-емоционално учење.

**Слаби страни**

- При изработка и ажурирање на кодексите не се вклучени сите засегнати страни (родителите и учениците).
- Недоволно ниво на целосно задоволство од хигиената во училиштето, особено кај учениците, при што 31% изразуваат незадоволство, а мнозинството родители се само делумно задоволни, што укажува на потреба од унапредување на системот за

| |
|---|
| одржување и следење на хигиената |
| **Приоритети**<br>- Систематско и активно вклучување на сите засегнати страни, особено родителите и учениците, во процесот на изработка, ревидирање и ажурирање на кодексите на однесување и воспоставување јасна процедура за нивно учество преку ученичкиот парламент, советот на родители, анкети, работилници и јавни расправи, со цел кодексите да ги одразуваат реалните потреби на училишната заедница и да се зголеми чувството на сопственост, одговорност и доследно почитување од страна на сите учесници.<br>- Подобрување на организацијата и контролата на хигиената и подигнување на свеста и одговорноста кај учениците |

| **Подрачје 4: Управување и раководење** |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>Членовите на Училишниот одбор се избрани преку транспарентна постапка со тајно гласање и следење на законската процедура. Најголем број од наставниците и членовите на Советот на родители целосно и континуирано се запознаени со работата на УО. Работата на УО е јасно дефинирана со деловникот за работа на Училишниот одбор и е транспарентна. Сите членови на УО се целосно запознаени со деловникот за работа и своите надлежности. Училишниот одбор има партнерски однос со директорот на училиштето. Членовите на училишниот одбор детално ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето. Училишниот одбор два пати годишно го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.<br>Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Директорот ги запознава наставниците и членовите на УО и Советот на родители со неговата визијата за развојот на училиштето. Директорот работи тимски при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет и ги зема во предвид потребите, мислењата и предлозите од сите вклучени во училишниот живот. Директорот ги имплементира новините во образованието на ниво на училиште. Континуирано ги следи акциските планови за реализација на развојната програма. Директорот воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловна средина и граѓанските организации и го вклучува училиштето во регионални и меѓународни училишни мрежи.<br><br>Училиштето покажува висока организациска подготвеност преку прецизен план за искористување на просторните капацитети. Распоредот на часови овозможува максимална и рационална употреба на училниците и опремата. Процесот на јавни набавки е системски поставен, навремен и точно димензиониран според реалните потреби, што гарантира достапност на сите нагледни средства и потрошен материјал за непречена настава.Управувањето со ресурсите се следи преку прецизна евиденција, а клучниот показател за успех е високиот процент на искористеност на капацитетите. Анкетите спроведени меѓу учениците и наставниот кадар потврдуваат висок степен на задоволство од ефикасноста во менаџирањето и навременото одговарање на потребите на сите засегнати страни. Училишната библиотека нуди соодветни услови за учење и истражување:Над 5 книги по ученик (просек од 7 лектири), со што се обезбедува еднаков пристап до литература. Многу мал дел од библиотеката е уреден како читална, и истиот не ги задоволува целосно потребите на учениците поради што е потребно |

проширување и уредување на просторот. Услугите се достапни во текот на целиот работен ден, а корисниците изразуваат високо задоволство од квалитетот на библиотечните услуги.

Училиштето покажува високо ниво на професионализам и организација во управувањето со човечките ресурси. Училиштето има соодветен наставен кадар и стручни соработници предвидени со законските нормативи, како би можело непречено да се реализираат сите наставни планови и програми. Планирањето на наставата е навремено, а распределбата на часовите е правична, стручна и балансирана. Воспоставени се јасни формални механизми за постапување при отсуство на наставници, со што се обезбедува континуитет на воспитно-образовниот процес. Училиштето активно инвестира во кариерниот напредок на вработените преку обезбедување финансиски и временски ресурси за обуки. Постои прецизен систем на водење професионални досиеја, кои служат како објективна основа за напредување во звања. Менторскиот систем во училиштето функционира како силен механизам за професионален развој, каде теоретската процедура успешно се трансформира во корисна практична поддршка.

Посебно внимание се посветува на следењето и унапредувањето на наставниот процес преку системско набљудување на наставата, анализа на педагошката евиденција и документација и следење на ученичките постигнувања. Следењето на наставата од страна на директорот и стручните соработници се реализира континуирано, планирано и на системски начин , со навремено известување на наставниците , со користење на соодветни инструменти и процедури. При набљудувањето на наставниот час се оценуваат планирањето и реализацијата на наставата, примената на наставните методи, активноста и вклученоста на учениците, како и целокупната организација на часот при што наставниците добиваат навремена и конструктивна повратна информација. Податоците добиени од набљудувањето, анализата на успехот се користат за донесување на одлуки и превземање на мерки за унапредување на квалитетот на наставниот процес. Стручните соработници во училиштето им помагаат на наставниците во организација на наставата, во следење на напредокот на наставниот процес, справување со проблемите и во давање на советодавна помош.

Училиштето има силен систем за планирање и управување, со јасни цели, акциски планови и транспарентно финансиско работење. Наставниците и управните органи покажуваат висока согласност и доверба. Сепак, родителите се помалку информирани, што укажува на потреба за подобра комуникација, визуелни извештаи и поголема вклученост во процесите.

**Силни страни**

- Членовите на УО се избрани транспарентно, со тајно гласање и почитување на законските процедури, целосна запознаеност со надлежностите и деловникот за работа.
- Работата на УО е транспарентна и во партнерски однос со директорот, со активно следење на буџетот.

- Директорот има јасна визија за развој на училиштето и ги вклучува сите чинители (наставници, родители, УО) во планирањето и обезбедувањето квалитет. Партнерство со локалната средина, деловни и граѓански организации
- Системот на управување со ресурсите е високо ефикасен, транспарентен и директно придонесува за непречено одвивање на сите училишни активности, а од друга страна овозможува прецизно предвидување на потребите, со што се елиминира ризикот од недостиг на материјали или создавање на непотребни и прекумерни залихи.
- Училишната библиотека располага со богат книжен фонд. По број на ученици во ООУ. „Григор Прличев“ во просек се 7 лектири по ученик.
- Оптимална распределба на наставниот кадар со почитување на нормативите и стручноста
- Постоечката процедура за менторска поддршка обезбедува квалитетна и сеопфатна рамка која му овозможува на менторот ефикасно да го води приправникот, гарантирајќи континуиран развој на неговите професионални компетенции.
- Следењето на наставниот процес се одликува со системски и планиран пристап, јасна организација и навремено известување. Вклученоста на директорот и стручните соработници овозможува објективна евалуација, навремена повратна информација и стручна подршка за наставниците, што придонесува за континуирано унапредување на наставата.
- Системот за планирање е добро структуриран, транспарентен и поддржан од наставници и управни органи. Финансиското работење е законски усогласено и насочено кон подобрување на наставата и условите, со висока поддршка од наставници и управни органи.

**Слаби страни**

- Иако постои усна поддршка од страна на раководството и поголем процент на наставниците се задоволни од механизмите за поддршка на професионалниот развој, училиштето нема пишани процедури и јасни критериуми за оддавање признанија на кадарот.
- Комуникацијата со родители и ученици не е доволно ефективна – дел од нив немаат информации или не гледаат јасни резултати. Родителите не се доволно информирани или не гледаат доволно јасни резултати од буџетските инвестиции, што бара подобра комуникација и вклученост.
- Многу мал дел од библиотеката е уреден како читална, и истиот не ги задоволува целосно потребите на учениците поради што е потребно проширување и уредување на просторот.
- Имплементацијата на Еразмус+ проекти се во одреден период на чекање, што укажува на ограничувања во реализирање на меѓународни проекти. Потребно е да сезголеми бројот на апликации.

**Приоритети**

- Развој на формални механизми за оддавање признанија на кадарот-креирање јасни критериуми и систем на признанија
- Подобрена комуникација со родителите во однос на споделување на информации за буџетските инвестиции
- Подобрување на условите – проширување на библиотека со простор за читање.
- Зголемување на успешноста и имплементацијата на Еразмус+ и други проекти

**Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето**

- Зголемување на изборот на различни задачи и активности во наставата (диференциран пристап).
- Поголема примена на интерактивни методи, ИКТ-алатки и истражувачки активности
- Подобра промоција на дополнителната и додатната настава кај учениците и родителите.
- Изработка на систем за следење на посетеноста и ефектите од овие форми на настава.
- Мотивациски мерки за учениците (пофалби, признанија, јавно истакнување на постигања).
- Индивидуални разговори со ученици и родители за поттикнување на редовност.
- Развивање јасна процедура за активно учество во креирање и ревидирање на училишни документи (кодекси, правилници).
- Подобрување на организацијата и контролата на чистењето.
- Едукативни активности за подигнување на свеста кај учениците.
- Периодично мерење на задоволството од хигиената.
- Поголема транспарентност во информирањето на вработените и родителите за напредокот и буџетските инвестиции.

Комисија за спроведување на СЕУ:

- Елена Трипуновска Максимовска – стручен соработник – педагог
- Сузана Танева – одделенски наставник
- Татјана Силјановска Гочкова – предметен наставник
- Фросина Димитровска –предметен наставник
- Виолета Јакимовска Поповска – родител